SSCC, пристап до информации кој ги забрзува сите процеси и донесува бенефити за сите засегнати страни

Dachser е меѓународна компанија за транспорт и логистика со над 30.000 вработени низ целиот свет и годишен обрт од 5,6 милијарди Евра. Нивниот бизнис модел се потпира на три столба: Европска Логистика, Воздушна и Морска логистика и Логистика за Храна. На нивните 387 локации во 42 држави во светот тие превезуваат околу 78,6 милиони пратки со вкупна тежина од 39,8 милиони тони. Високото ниво на експертиза во примената на IT решенија, светската интеграција на логистичките услуги и најсовремената инфраструктура се силните страни на Dachser.

Серискиот Код на Контејнер за Испорака [GS1 Serial Shipping Container Code (SSCC)] игра клучна улога во сите процеси на Dachser низ целиот синџир на снабдување. Овој GS1 (GS1 ID Key) Идентификациски Клуч стана неопходна алатка за сите учесници во процесите на складирање и транспорт. Во 1994 година, Dachser стана првиот провајдер на логистички услуги во светот кој воспостави сèопфатна употреба на GS1 SSCC низ целиот логистички синџир.

Dachser распореди уреди за мобилно прибирање податоци [MDE (Mobile Data Capture)] и мобилни компјутери (т.н. pen-keys) како логичен дел од програмата за автоматизација и стандардизација На логистичките и информациските процеси. Сега има повеќе од 9.100 од овие уреди во употреба во Dachser. Оваа бројка ја објаснува големата важност на баркодот. Навистина, баркодовите ги поддржуваат сите логистички процеси долж целиот синџир на снабдување и се од суштинско значење за целата работа на Dachser.

Внесувањето на податоците се врши со користење на меѓународно признаената GS1-128 Баркод Симбологија, GS1 ID Клучеви SSCC и GS1 GTIN (GTIN е единствен клуч што се користи за идентификување на поединечни артикли) со што се остварува апсолутна контрола на приемот во магацин на сите хиерархиски нивоа на пакувања: од единици потрошувачки производи до цели контејнери и шлепери.

При транспорт, испаќачот користи SSCC, кој дејствува како основа за користење на системи за автоматизирано управување со складишта [Warehouse Management Systems (WMS)]. Примачот преку SSCC може, за возврат, лесно да ги контролира и ефикасно да управува со процесите за складирање на дојдовни пратки.

Користењето на овие системи ги поедноставува контролните и сметководствените процеси помеѓу провајдерите на услуги и клиентите.

Во Dachser, SSCC е основа за беспрекорно следење и следење, а исто така ги исполнува законските барања за идентификација и следливост. На овој начин, сите страни имаат корист од доследната употреба на SSCC.

Почнувајќи веднаш од внесот на нарачката, SSCC станува единствена референца на повеќејазичната етикета. Од моментот на испраќање на пратката, сите заинтересирани страни можат да го проверат нејзиниот најнов статус преку едноставно внесување на SSCC на порталот Dachser eLogistics без потреба од регистрација или најавување.

Центарот на сите текови на информациите е Центарот за Електронска Размена на Податоци [Electronic Data Interchange (EDI)], развиен и раководен од стручните кадри на самата Dacher компанија. Тоа е централната комуникациска платформа помеѓу Dachser и нивните деловни партнери што овозможува поврзување и оптимизација на деловните процеси.

Целосно независни од сите системи за Планирање на Ресурси на Компании [Enterprise Resource Planning (ERP)] на учесниците, стандардизираните или приспособените интерфејси овозможуваат брза и лесна интеграција на деловните процеси.

На овој начин, повеќе од 6.000 деловни партнери кои користат EDI се поврзани со Dachser.

Елиминација на грешки при користење на системите, додека истовремено се врши оптимизација на потенцијалните бенефити, исто така е цел која се остварува преку користење на електронскиот формат на Испратницата [во Dispatch Advice (DESADV)] или Advanced Shipping Notice (ASN) формат] во комбинација со SSCC.

Со обезбедување на Испратница, процесите на подигање и преместување се оптимизирани; со што се минимизираат времето на чекање, времето на циклусот и стапките на грешки. Особено, брзата и ефикасна реакција на фалични испораки може да помогне да се избегне економската штета.

Брзата реакција е овозможена и со апликацијата за управување со настани во синџирот на снабдување наречена Active Report, која е развиена во Dachser. Оваа апликација проактивно ги проверува податоците за пратката за проблеми и автоматски испраќа пораки доколку се надминат одредени датуми или ако се појават однапред дефинирани грешки. Така, се зголемува ефикасноста на процесите низ синџирот на вредност и се постигнува со автоматизирање процесите кои претходно се извршуваа рачно.

Квалитетот на логистиката зависи од степенот на одговорност и доминација на процесот и на крајот се докажува во квантитет: Dachser дневно управува со преку 100.000 испораки и околу 1,2 милиони превземања во магацинот. Dachser постигнува оптимизација на процесот со внимателно осмислено управување со квалитетот и висок квалитет на податоците. Друг важен двигател на успехот за оптимизираните процеси е преносот на податоци во реално време низ системи заснован на беспрекорна идентификација, интерактивно скенирање и сортирање, како и стандардизирани испораки и проверки на веродостојност на ниво на транспортна единица. Dachser користи SSCC на сите интерфејси за идентификација на транспортните единици.

Сè на сè, Dachser силно чувствува дека SSCC обезбедува витален придонес во логистичкиот сектор во оптимизацијата на сите процеси во синџирот на вредност. Нуди високи придобивки за дпровајдерите на услуги, клиентите и логистичарите во еднаква мерка.

За повеќе информации за Dachser, посетете ја нивната веб страна: www.dachser.com

Превод на македонски и обработка:

Стручен Соработник
м-р Срѓан Милутиновиќ

GS1 Македонија
www.gs1mk.org.mk